Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки
ресурси и информатичка технологија

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785459
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-3481/2
08-04-2025 20 год.

# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Согласно Програмата (Ц 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2025 година бр.09-11562/16 од 27.12.2024 година и согласно Правилникот за остварување на правото на парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство за жители на Општина Кисела Вода бр.09-2367/3 од 14.03.2025 година, Општина Кисела Вода објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

**за доделување на едократна парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство за жители на Општина Кисела Вода**

Општина Кисела Вода објавува Јавен повик со цел да им излезе во пресрет на социјално ранливите категории - жртви на семејно/родово базирано насилство, им доделува еднократна парична помош во висина од 2.500,00 денари, согласно член 6 од Правилникот за остварување на правото на парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство за жители на Општина Кисела Вода.

**Лица кои ќе се опфатат со мерката доделување на едократна парична помош се лица граѓани на територија на Општина Кисела Вода кои биле жртви на семејно/родово базирано насилство во периодот од 2024 и 2025 година**

**Апликантите задолжително треба да ја достават следната документација:**

- Барање за доделување на еднократна парична помош
- Доказ за идентитет и адреса на барателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
- Копија од трансакциска сметка;
- Потврда од Центарот за социјални работи дека лицето е евидентирано како жртва на семејно/родово базирано насилство, **не постара од шест месеци во оргинал.**
- **Телефон за контакт и адреса за коресподенција.**

**Временска рамка и користење на средствата:**
Јавниот повик ќе трае се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства но не подоцна од 30.09.2025 година сметано со денот на објавувањето во печатен медиум на територијата на РС Македонија а ќе биде објавен и на WEB сајтот на општина Кисела Вода како и преку соопштенија кои ќе бидат залепени во сите УЗ и МЗ на територија на Општина Кисела Вода исто така ќе бидат информирани граѓаните.
Средствата кои се предвидени со Програмата (Ц 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2025 година за жртвите на семејно/родово базирано насилство ќе бидат префрлени на трансакциските сметки на барателите кои ги исполниле условите предвидени во овој Јавен повик се до исполнувањето на предвидените средства планирани за оваа намена.

**Комисија:**
**-За утврдување на исполнетоста на условите за доделување на еднократна парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство на општина Кисела Вода, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе Решение за формирање на Комисија од 5 члена со арх.бр.08-3481/1 од 08.04.2025 година,**
**-Комисијата е составена од Претседател и 4 члена.**
**-Комисијата е задолжена да ја спроведе целата постапка за реализација на проектот "Доделување на еднократна парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство и истата е должна да достави Предлог за доделување на предвидените финансиски средства до Градоначалникот, за сите лица кои ги исполниле критериумите се до вкупната исполнетост и планирани средства за оваа намена.**
**-Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и доставува Предлог до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањета за добивање на предвидените финансиски субвенции.**
**-Комисијата има право да побара дополнителна документација која ќе треба да се достави доколку процени дека е потребно.**
**-Сите лица кои ќе добијат еднократна парична помош односно ќе бидат одобрени нивните барања, ќе бидат контактирани по телефон и Решенијата ке им бидат испратени на адресата која ќе ја наведат во Барањето.**

**Напомена: Целата документација со Барањето подносителите да ја достават во затворен плик со назнака за Комисија за разгледување на документи за доделување на едократна парична помош за жртви на семејно/родово базирано насилство , преку архивата на Општина Кисела Вода.**
**Документите нема да се враќаат.**

**Повикот е со важност до 30.09.2025 година сметано со денот на објавувањето!Рокот за пријавување започнува од денот на објавување на Јавниот повик.**

Комисија за спроведдување и реализација на постапка за доделување на еднократна парична помош на жртви на семејно/родово базирано насилство на Општина Кисела Вода

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КИСЕЛА ВОДА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА